Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-1035/4
17.12.2009 год.
СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **До:** | "ИНВАЛЛ Мацедониа"<br>ул. "Капиштец" бр. 1А<br>Скопје |
| **Предмет:** | Достава на Решение за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина |
| **Врска:** | |

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проектот Проектот: Крива Паланка област со ветерни турбини.

Со почит,

Изготвил:
Зоран Бошев

Одобрил:
Филип Иванов

**МИНИСТЕР**

**Др. Нецати Јакупи**

бул. Гоце Делчев бб, кат 11,1000 Скопје тел. 02 3213 194 , тел/факс 02 3220 165
e-mail: infoeko@moepp.gov.mk web: www.moepp.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-1035/4
17.12.2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08 и 83/09), министерот за животна средина на ден 04.12.2009 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Со ова решение се дава согласност на барањето за спроведување на Пректот: "Крива Паланка област со ветерни турбини", поднесено од инвеститорите фирмата "ВИСТА Груп" и "ИНВАЛЛ Мацедониа" со седиште на ул. "Капиштец" бр.1А од Скопје, во соработка со ИНВАЛЛ СА со седиште во Шпанија.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: "Крива Паланка област со ветерни турбини" ги задоволува барањата за заштита на животната средина и природата со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

### *Образложение*

Инвеститорите "ВИСТА Груп" и "ИНВАЛЛ Мацедониа" со седиште на ул. "Капиштец" бр.1А од Скопје, во соработка со ИНВАЛЛ СА со седиште во Шпанија до Министерството за животна средина и просторно планирање достави Известување за намера за изведување на Пректот: "Крива Паланка област со ветерни турбини", заедно со барањето за определување на обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08) и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр.74/2005), се утврди дека предложениот проект се наоѓа на Прилог II - Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти) точка 3 - Енергетика, подточка (з) - Инсталациите за искористување на силата на ветерот, заради производство на енергија (т.н. фарми на ветер) од Уредбата. Од страна на Министерот за животна средина и просторно планирање беше формирана Комисија од преставници на Министерството за животна средина и просторно планирање за утврдување на потребата од оцена на влијанието на Пректот и обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, која заради обемот на планираниот Проект одлучи за истиот да се спроведе постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

За таа цел консултантите на консултантската куќа од "ЕМПИРИА - ЕМС", со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина М-р Константин Сидеровски од Скопје изработија Студија за оценка на влијанијата врз животната средина согласно Директивата на ЕУ 85/337/ЕЕЗ, изменета со 97/11/ЕЕЗ и 2003/35/ЕС, барањета од меѓународни

договори ратификувани од Република Македонија, како и со Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08 и 83/09).

Во студијата се испитани и обработени следните аспекти: рејлеф, климатско-метеоролошки карактеристики на подрачјето, квалитет на воздухот, квалитет на водата, геологија и хидрогеологија, педологија, биолошка разновидност, културно наследство, бучава, визуелни влијанија, предел, социо-економски аспекти, отпад како и поврзаност на горенаведените прашањата.

Со предлог проектот инвеститорот предвидува поставување на 50 ветерни турбини од класа 3MW на територијата на општина Крива Паланка. Целта на овој проект е воспоставување на фарма на ветер со вкупна моќност од 150MW, а ориентацијата на фармата на ветер е во правец исток – запад, на подрачје кое опфаќа сегменти на планините: Козјак, Герман и Билино. Турбините ќе бидат лоцирани во групи, во три географски секции во рамките локацијата, и тоа:

- Секција 1 – потег локалитет Вирови – локалитет Бел Камен
- Секција 2 – потег локалитет Табла – локалитет Герман
- Секција 3 – потег локалитет Герман – локалитет Стража

Ветерот е обновлив извор на енергија, поради што овие проекти се нарекуваат "зелени проекти" кои не предизвикува загадување на животната средина и природата. Покрај заштитата на животната средина овој проект ќе допринесе во намалување на зависноста од увоз на електрична енергија.

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08 и 83/09) се одржа јавна расправа во врска со Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина Пректот: "Крива Паланка област со ветерни турбини" во општина Ранковце.

По спроведената јавна расправа, министерот за животна средина и просторно планирање формираше комисија за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: "Крива Паланка област со ветерни турбини". Комисијата согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06) на ден 16.11.2009 година го изработи Извештајот и го достави до министерот за животна средина и просторно планирање. Согласно член 90 став 1 точка 4 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08 и 83/09).

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението.

**МИНИСТЕР**

**Др. Нецати Јакупи**